Република
Македонија

**О Д Л У К А**
**за утврдување на процентот на ликвидни средства на друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови**

Скопје, јули 2008 година

МАПАС
Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

Врз основа на член 23 став (3) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување (“Службен весник на Република Македонија” бр. 7/2008) Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седница, одржана на 21 јули 2008 година, донесе

## **О Д Л У К А**
## **за утврдување на процентот на ликвидни средства на друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови**

### **Член 1**

Друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови задолжително одржува ликвидни средства во износ не помал од 10% од основачкиот капитал на друштвото.

### **Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 02-1157/14
21 јули 2008 год.
С к о п ј е

Претседател на Управниот одбор,
Анета Димовска, с.р.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Во Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување со членот 23 став (3) пропишана е обврска друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови да одржува одреден износ на ликвидни средства како процент од основачкиот капитал .

Основачкиот капитал на друштвото согласно член 20 став (1) од Законот треба да изнесува најмалку 1.800.000 евра. Имајки ја во предвид висината на основачкиот капитал на друштвата, Агенцијата смета дека друштвото треба да чува и одржува ликвидни средства во износ од 10% од основачкиот капитал. Според тоа, друштвото е обврзано да чува најмалку 180.000 евра во денарски или девизни ликвидни средства.

Друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е обврзано да ги чува и одржува ликвидните средства заради надополнување на загуба на вредноста на средствата на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, како и за надомест на штета на членовите на пензиските фондови, која настанала како резултат на неизвршување, неправилно или несовесно извршување на задачите и обврските на друштвото утврдени со Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.

При утврдување на процентот од основачкиот капитал, Агенцијата ги зема во предвид искуствата во пропишување на износот за задолжителна резерва кај банките и штедилниците кој го пропишува Народната банка на Република Македонија. Според овие одлуки банките во Република Македонија се обврзани да одржуваат задолжителна резерва во денарски и девизни средства кај себе и на посебна сметка во НБРМ по стапка од 10% од денарските и девизните обврски на банката. Исто така, Агенцијата ги зема во предвид искуствата на Комисијата за хартии од вредност, која го пропишува износот на ликвидни средства кој треба да го одржуваат брокерските куќи. Комисијата пропишува дека брокерска куќа со основачки капитал од 500.000 евра треба да одржува ликвидни средства во износ од 50.000 евра.